НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ



## Што е платежна сметка со основни функции?

Платежната сметка со основни функции е **платежна сметка во денари** којашто на граѓаните им овозможува:
• отворање, одржување и затворање на платежната сметка;
• неограничен број уплати на парични средства на платежната сметка;
• неограничен број платежни трансакции:
- директни задолжувања,
- користење платежни картички, вклучително и онлајн,
- кредитни трансфери, вклучувајќи и трајни налози, преку банкарските терминали и шалтерите во работните простории на банката или штедилницата и со користење интернет и мобилна апликација.

## Која е разликата помеѓу платежната сметка со основни функции и „обичната“ платежна сметка?

Платежната сметка со основни функции има слични функционалности како и „обичната“ платежна сметка, со тоашто на платежната сметка со основни функции **не е дозволено пречекорување**, односно навлегување во т.н. „минусно салдо“. Со други зборови, на сметката со основни функции на располагање ви се единствено паричните средства коишто ги поседувате, заради што, за да извршите плаќања треба да сте сигурни дека имате доволно сопствени парични средства на сметката, во спротивно плаќањето нема да се изврши.

Платежната сметка со основни функции може да биде само во денари, за разлика од останатите платежни сметки коишто може да бидат во една или повеќе валути различни од денари.

Платежната сметка со основни функции **не вклучува кредитна картичка**, а доколку потрошувачот сака да ја користи, може да склучи одделен договор за неа.

Платежната сметка со основни функции овозможува извршување на платежните трансакции исто како и другите сметки: секојдневно внесување и повлекување готовина, плаќање сметки за комунални и други услуги, јавни давачки и друго или користење дебитни платежни картички за купување на физичките места на продажба или преку интернет.

## Дали се плаќа надоместок за платежна сметка со основни функции?

Да, за користење платежна сметка со основни функции се плаќа надоместок, поради коешто се препорачува пред склучувањето рамковен договор да се прочита важечката тарифа и да се информирате за износот којшто ќе ви биде наплатен. Важечките тарифи на банките и штедилниците се достапни во нивните работни простории или веб-страници.

За услугите коишто се опфатени со платежната сметка со основни функции, банката или штедилницата може да пресмета и да наплати **вкупен месечен надоместок до одредена разумна висина** којашто не смее да биде повисока од 0,1% од подвижниот просек на просечната месечна исплатена нето-плата во земјата за претходните 12 месеци, во согласност со објавите од страна на Државниот завод за статистика. Овој надоместок вклучува одржување на платежната сметка и дебитната картичка, онлајн користење интернет и мобилна апликација, неограничен број платежни трансакции за уплата или повлекување готовина непосредно на шалтерите во работните простории на банката или штедилницата или преку нејзината мрежа на банкомати, неограничен број платежни трансакции со дебитни картички и извршување минимум пет платежни трансакции со кредитен трансфер, вклучувајќи и траен налог и со директно задолжување со кои се пренесуваат парични средства на други платежни сметки кај истата банка или штедилница.

Банките и штедилниците треба **бесплатно да ги информираат граѓаните** за платежните услуги и надоместоците коишто ги наплатуваат за користењето на платежната сметка со основни функции за што се должни да им дадат информативен документ за надоместоците пред склучувањето рамковен договор. Граѓаните ќе може да се информираат за надоместоците коишто банките и штедилниците ги наплатуваат за платежната сметка со основни функции и на веб-страницата на Народната банка **почнувајќи од септември 2023 година**, каде што ќе бидат **објавени информативните документи за надоместоците по единечна банка или штедилница.**

## Дали може платежна сметка со основни функции да се отвори кај кој било давател на платежни услуги?

Граѓанинот може да отвори **платежна сметка со основни функции кај банка или штедилница**, при што поднесува барање за отворање платежна сметка со основни функции и приложува изјава дека нема отворено друга платежна сметка во денари кај истата или кај друга банка или штедилница во земјата. Исто така, граѓанинот може да бара **трансформирање** на „обичната" платежна сметка во платежна сметка со основни функции кај истата банка или штедилница.

## Што е платежна сметка со основни функции за потрошувачи кои ѝ припаѓаат на група корисници на законски права?

Платежна сметка со основни функции за потрошувачи кои ѝ припаѓаат на група корисници на законски права е платежна сметка со основни функции за која не се пресметува и **не се наплатува надоместок** за сетот услуги коишто ги опфаќа и се објаснети погоре, доколку потрошувачот ѝ припаѓа на група корисници на следниве законски права:

- законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката;
- надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;
- парична помош од социјална заштита;
- привремена невработеност;
- додаток на деца и
- стипендија, кредит и помош на ученици и студенти.

## Кои се придобивките од поседување платежна сметка со основни функции?

Потрошувачите ќе може да користат релативно **широк сет на платежни услуги** кои ги даваат банките и штедилниците за што ќе плаќаат надоместоци со разумна висина. Притоа, **законски е ограничена висината на надоместокот** кој потрошувачите ќе го плаќаат за користењето на овие платежни услуги. Дополнително, потрошувачите кои се корисници на одредени законски права ќе може овој сет на платежни услуги да го добиваат бесплатно. На овој начин, се олеснува пристапот за граѓаните до услугите на банките и штедилниците со цел извршување на нивните секојдневни плаќања.

## Дали може барањето за отворање на платежната сметка со основни функции да биде одбиено?

Банката или штедилницата не смее да го условува отворањето и користењето на платежната сметка со основни функции со користење дополнителна услуга и/или производ, ниту со купување акции или други хартии од вредност издадени од неа или од лица со кои има блиски врски.

Сепак, **барањето за отворање платежна сметка со основни функции** може да биде **одбиено** доколку потрошувачот веќе има отворено платежна сметка во денари кај истата или кај друга банка или штедилница во Република Северна Македонија којашто му овозможува да ги користи платежните услуги коишто ги овозможува платежната сметка со основни функции или доколку воспоставувањето деловен однос со потрошувачот којшто го поднесол барањето е спротивно на прописите со кои се уредува откривањето и спречувањето перење пари и финансирање тероризам.

Банката или штедилницата треба да ја донесе одлуката за отворање или одбивање на барањето за отворање платежна сметка со основни функции, **во рок од десет дена од денот на поднесувањето на барањето.**



НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
info@nbrm.mk
https://www.nbrm.mk/